# GRAD SKOPJE

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**
**Одделение за култура**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

## ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2022 година

Скопје, ноември 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) член 10, став 1, точка 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 55/04 и 158/11) и член 7, став 3 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Советот на Град Скопје на __- та седница одржана на __.__.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за изменување на Програмата за финансирање
на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2022 година

I. Во Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2022 година ("Службен гласник на Град Скопје“ бр.02/22 и 11/22), се вршат следните изменувања:

**Во глава III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Првиот пасус каде е определена висината на износот за финансирање на локалниот интерес во културата што се врши од Буџетот на Град Скопје и од Буџетот на Република Северна Македонија преку Буџетот на Град Скопје со наменска блок-дотација, износот од „178.164.000 денари“ се заменува со „198.964.000 денари“. За подмирување на тековни трошоци и програми блок дотацијата е распределена на следниот начин и тоа: Програма К1- Библиотечна дејност – 10.222.000 денари, К2 - Музичко-сценска дејност – 13.756.000 денари, К3 - Музејска и кинотечна дејност – 12.442.000 денари и од Буџетот на Град Скопје преку: Програма К4 - Културни манифестации и творештво денари – 54.107.000 денари, К2- Музичко-сценска дејност – 1.000.000 денари, Програма КА0 – Културни манифестации и творештво (капитални расходи) – 22.358.000 денари и Програма ЈО – 300.000 денари.

Во делот насловен „За остварување на локалниот интерес во културата од Буџетот на Град Скопје за 2022 година“, износот од „257.729.000“ се менува со „276.729.000“.

**Во делот В) Финансирање на капитални инвестиции во областа на културата се вршат следните измени:**

Вториот пасус, се менува и гласи: „Вкупна сума предвидена за оваа програма е **22.358.000 денари** распределени во **Програмата КА–Културни манифестации и творештво (Капитални расходи).**
**Точката 2** „Детски едукативни забавни инсталации“, износ „1.800.000“, се брише

**II.** Оваа програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Совет на Град Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

Број________
____________2022 година
Скопје

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 10 став 1 точка 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 55/04, 158/11), член 36, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 7 став 3 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) се предлага изменување и дополнување на Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2022 година.

**Имено, во делот В) Финансирање на капитални инвестиции во областа на културата, се предлага следната измена и тоа:**

1. Во **Точка 2** – ( проект „Детски едукативни забавни инсталации“), се предлага називот и износот од 1.800.000 денари, да се избришат.

   Имено, оваа измена се предлага заради долготрајноста на постапката за објавување на јавна набавка и за изборот на идејното решение и за неговата изведба. Оваа постапка е планирана за реализација во три дела кои се меѓусебно поврзани, односно, објавување на конкурс за избор на идејно решение, кој е во времетраење од 30 дена, потоа процедурата за изведба на избраното идејно решение и поставување на идејнотото решение на предходно утврдена локација. Бидејќи остануваат нецели два месеца до крајот на годината, се предлага овој проект да се реализира во идната 2023 година.

Од тие причини, се предлага на Советот да ја донесе предложената програма.